

# ОПШТИНА БЕРОВО

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

**ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!**

ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

ОПШТИНА
БЕРОВО



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сѐ што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нѐ враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.<br>За Твоето место.<br>За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,<br>Христијан Мицкоски

Драги мои сограѓани и сограѓанки, почитувани Малешевци и Малешевки,

Со особена чест и гордост денес ви ја претставувам оваа Изборна програма – документ кој не е само збир на ветувања, туку резултат на нашите заеднички разговори, средби и идеи што произлегоа од вас. Како човек кој секојдневно живее меѓу вас, знам дека проблемите што ги имаме се реалност што ја чувствуваме сите – од младите до повозрасните, од градот до најоддалеченото населено место.

Берово и Малешевијата имаат огромен потенцијал – прекрасна природа, богата историја, топли и гостопримливи луѓе. Но тоа што нè прави навистина посебни е нашата заедничка желба да го зачуваме и развиваме овој крај како место каде што вреди да се остане, да се живее и да се враќаат оние што заминале. Верувам дека можеме да изградиме Берово како еко-дестинација препознатлива насекаде, со модерна инфраструктура, чист воздух, безбедни улици, можности за спорт, рекреација и нови работни места.

Во програмата ќе најдете јасни и остварливи проекти – од уредување на влезот во Берово и подобрување на патиштата, до изградба на современи спортски и детски игралишта, вклучително и базен, проширување на водоводни и канализациони мрежи во селата, создавање на младински HUB, развој на земјоделството и туризмот како наша главна оска за развој. Ќе речете се ова не може за еден мандат. Мое е да дадам сè од себе, заедно со мојот тим. Нашата визија е едноставна: чисто и безбедно Берово, економски силна Малешевија и достоинствен живот за секој жител.



Свесен сум дека предизвиците се големи, но уште посилна е мојата мотивација и вашата поддршка што секојдневно ја чувствувам. Јас како човек, можам да ветам дека ќе бидете информирани за сите предизвици со кои се соочуваме, а кои верувам, со заеднички сили, ќе можеме да ги надминуваме. Не ветувам чуда преку ноќ, но верувам во чесна работа, домаќинско управување и отвореност за секоја добра идеја што ќе дојде од вас. Затоа, оваа Програма не е затворен документ – таа ќе расте со нашите нови заеднички идеи и ќе се реализира со нашето заедничко залагање. И да расмислуваме креативно, решенија има за сè, само треба да се бараат и да се биде доволно упорен.

Ве повикувам да ми ја дадете Вашата доверба и да ми се придружите на овој пат. Заедно да го изградиме Берово и Малешевија што ќе биде гордост на сите нас – место каде што ќе сакаме да останеме, каде младите ќе ја гледаат својата иднина, а секој наш гостин ќе се чувствува добредојден.

Ваш,
Петар Ружински

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Владко Шахпаски -Носител на листа
2. Емилија Пачемска
3. Николчо Беќарски
4. Весна Ралповска
5. Влатко Чукарски
6. Даниел Черговски
7. Зоран Багашовски
8. Тања Шенковска
9. Илија Цикарски
10. Марија Кржовска
11. Даниела Рабаџиска
12. Влатко Ајтовски
13. Татјана Бошнаковска
14. Даринка Шоповска -Ружински
15. Александар Мишовски



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНАТА

Во оваа програма предвиден е голем број на проекти од интерес на граѓаните на општина Берово, но како највисок приоритет и главен акцент ќе биде ставен на следните три проекти, кои се подетално образложени во останатиот дел од програмата:

1. Патека Берово-Смојмирово и уредување на влезот на Берово;
2. Полуотворен базен;
3. Изработка на Генерален урбанистички план и Детален урбанистички план.

# МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

## БЕРОВО - ПРЕПОЗНАЕНА ЕКО-ДЕСТИНАЦИЈА ПРИСТАПНА ЗА СИТЕ ГЕНЕРАЦИИ И СИТЕ ЛУЃЕ

**Берово не е големо. Но и покрај тоа, потребни се многу инвестиции за да биде модерно место, со современа инфаструктура. Со посветена работа, можно е заеднички а го средиме за да биде пример и препознаена еко-дестинација за сите генерации и сите луѓе, дали за одмор, дали за спорт и рекреација, дали за рехабилитација. При развојот и планирањето на целокупната инфрастррруктура во градот ќе се водиме од перспектива на хумано живеење и пристапност на услуги за сите граѓани/ки.**

**Ќе се води сметка за родителите со деца, лицата со попреченост, жителите од руралните средини, повозрасните и потешко подвижни граѓани.**

- **Уредување на влезот на Општина Берово**

Влезот на Берово треба да остави впечаток на модерна еко-дестинација која секој би сакал да ја посети и да помине повеќе од два дена, повеќе од викенд. Од Превалецот до Бензиската станица се планира да се прошири патот со пешачка и/или велосипедска патека и хортикултурно уредување, кое буди радост и топлина, добредојдовте во еколошки чисто Берово. Секако, тоа подразбира и унифицирано одбележување низ целата Општина и мапи, што и како да се посети.

**Извор на финансирање:** Министерство за транспорт, Министерство за локална самоуправа преку БРР и Буџет на Општина Берово

- **Генерален и Детален урбанистички план за Општина Берово (ГУП и ДУП)**

Долго време ГУП и ДУП на Општина Берово не се изменети, односно од 1992 година. Сегашната состојба не дава одговор на реалните потреби на жителите и туристите, ниту на залагањето за приоритетот на одржливо зелено живеење. Затоа ќе пристапиме на подготовка и итно донесување на ГУП, односно негова ревизија согласно потребите за стратешки развој на Општина Берово и измени на ДУП-от по блоковови. Со тоа ќе се решат и многу проблеми во центарот на градот и филтер-станица Берово (Ромско Маало).

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Берово.

### Урбанистички план вон населено место (УПВНМ) за туристичката населба Абланица

Во делови од Абланица веќе постои основна инфраструктура (патишта, вода, струја и канализација), обезбедена од сопствениците на викендиците. Со изработка на целосна техничка документација ќе се уреди остатокот од населбата и ќе се обезбеди соодветна инфраструктура со тежнеење кон одржливите животни практи.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Берово.

### Подобрување на инфраструктурата на Беровското Езеро

За целосен развој на оваа туристичка зона, неопходно е да се обезбеди редовно водоснабдување, функционална канализација, пречистителна станица со инасталација на фотоволтаици и реконструкција на патот. Малешевијата ќе ја развиваме заедно, како и Браната, ќе водиме сметка за нашата „Мала Швајцарија" да го задржи овој имиџ. Ќе изготвиме техничка документација и првична „Студија за апсорпција" со што ќе овозможат сигурни параметри за идните градежни активности. Со оваа инвестиција жителите и туристите ќе добијат чиста животна средина, заштита на локалните биодиверзитет и екосистеми, безбедно управување на водите и квалитетни услови за рекреација.

**Извор на финансирање:** Министерство за животна средина и просторно планирање и Буџет на Општина Берово.

### Берово – Целосна реконструкција на улица „Илинденска" со регулација на коритото на „Чучурски Андак"

Ќе започнеме со целосна и темелна реконструкција на улицата „Илинденска", решавајќи ги истовремено и проблемот со оштетениот коловоз и долгогодишниот проблем со излевањето на „Чучурскиот Андак" при поројни дождови.

Коритото на Андакот ќе биде исчистено, продлабочено, проширено и обложено со камен или бетон. Со ова, ќе го зголемиме капацитетот за непречен проток на водата, трајно заштитувајќи ги домовите и имотите од поплави.

Откако ќе се завршат подземните работи на Андакот и на улицата „Илинденска", истата ќе биде целосно асфалтирана со нов, квалитетен асфалт.

**Извор на финансирање:** Министерство за животна средина и просторно планирање и Биро за рамномерен регионален развој.

### Берово – Доасфалтирање на улица „Дамјан Груев" (населба Ормане)

Целосно ќе ја асфалтираме улицата „Дамјан Груев", која е од огромно значење бидејќи улицата е многу фреквентна и служи како главен пристап на граѓаните/ките до нивните земјоделски имоти. Со тоа ќе го решиме големиот проблем со прашината која директно влегува во домовите и претставува здравствен и хигиенски ризик.

**Извор на финансирање:** Општина Берово.

### Смарт-паркинг и хортикултурно уредување – Стара автобуска станица

Ќе создадеме модерен Смарт-паркинг со зелен појас на просторот на старата автобуска станица. Паркингот ќе вклучува хортикултурно уредување, електрични полначи за возила, LED-осветлување, камери за безбедност и апликација за резервација и плаќање.

Со оваа инвестиција добиваме функционален и естетски уреден и зелен-паркинг кој ќе го подобри урбаното лице на центарот и ќе го олесни движењето на граѓаните и туристите.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Берово.

### Сообраќајно решение кај Полициска станица на влез во Берово

За да го олесниме движењето, потребно е да се изнајде поквалитетно решение за сообраќајот кај Полициската станица. Веќе е изнајден модел како тоа ќе биде направено и веднаш по изборите ќе се пристапи на реализација.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Берово.

### Рехабилитација на регионален пат Р-1302, Струмица – Берово

Во соработка со Владата, како врвен приоритет го поставуваме проектот за целосна рехабилитација на регионалниот пат Р-1302, кој го поврзува Берово со Струмица – еден од најважните економски и административни центри во југоисточниот дел на државата. Проектот предвидува обнова на подлогата, поставување на нов асфалтен слој, чистење и уредување на одводните канали и поставување на нова, модерна сообраќајна сигнализација.

**Извор на финансирање:** ЈПДП.

### Реконструкција на регионален пат Р-1310, Берово – Граничен премин „Клепало“

Во соработка со ЈПДП ќе се изврши реконструкција на регионалниот пат Берово – Гр. премин „Клепало“. Овој проект ќе придонесе за побрзо и побезбедно поврзување со соседната држава, поттикнување на прекуграничниот туризам и трговија, придонесувајќи за економски развој на регионот и подобра мобилност на населението.

**Извор на финансирање:** ЈПДП.

# РАМНОМЕРЕН РАЗВОЈ И ЦЕЛОСНО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПОТЕНЦИЈАЛОТ НА РЕГИОНОТ – РАЗВОЈОТ НА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНАТА

Малешевските села не само што не ги заборавaме, туку креираме предуслови за нивен рамномерен развој. Преку низа на активности, ќе се стимулира развојот на земјоделието со посебен фокус на сточарството, но и туризмот како сектор, односно да може да понуди продукти за туристите. За таа цел, до целокупното население ќе се доближат постоечките финансиски инструменти за поддршка и развој (како ИПАРД), а заедно со младите (преку инвестирање во развој на нивните вештини), на сите заинтересирани ќе им се обезбеди поддршка да можат да користат финансиски средства за развој согласно индивидуалните и колективните потреби.

## НАСЕЛЕНО МЕСТО СМОЈМИРОВО

- Замена на старата водоводна мрежа

Здравјето на граѓаните е најважно. Азбестните цевки се опасни по здравјето и се причина за големи загуби на вода. Со нивна целосна замена со модерни, безбедни цевки, обезбедуваме чиста и здрава вода за пиење за сите жители на Смојмирово и го намалуваме губитокот на вода во системот.

**Извор на финансирање:** Министерство за животна средина и просторно планирање.

## НАСЕЛЕНО МЕСТО БУДИНАРЦИ

- Реконструкција на кровот на Домот на културата

Со целосна реконструкција на кровот, ќе спречиме понатамошно пропаѓање на објектот и ќе овозможиме тој и понатаму да биде центар на сите културни и општествени збиднувања во Будинарци.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Берово.

- Осветлување на пешачката патека од селото до училиштето во Будинарци

Безбедноста на децата кои одат до училиштето останува наш врвен приоритет, но оваа патека е многу повеќе од тоа – таа е централната социјална и рекреативна артерија на Будинарци. Иако пред околу 15 години беше направена како приоритет предложен и изгласан од граѓаните на Форуми на заедниците, само половина работа е завршена. Осветлување нема. Ја користат сите жители: учениците/чките, младите кои одат на спортскиот терен, како и возрасните. Со поставување на модерно ЛЕД-осветлување, ние не само што го правиме патот до училиштето безбеден, туку го претвораме овој простор во безбедна и пријатна зона за сите, во текот на целиот ден

и во вечерните часови.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Берово.

## НАСЕЛЕНО МЕСТО МИТРАШИНЦИ

- Асфалтирање на две улици

Продолжуваме со нашата заложба за рамномерен развој и подобрување на инфраструктурата во сите населени места. Во Митрашинци, конкретно се обврзуваме на целосно асфалтирање на две улици, за жителите кои живеат таму трајно решавање на проблемите со кал, прашина и оштетени возила. Со оваа инвестиција, не само што го олеснуваме секојдневното функционирање, туку и придонесуваме за поубав и поуреден изглед на селото. Обезбедувањето на основни комунални стандарди за сите е темел на нашата Програма.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Берово.

## НАСЕЛЕНО МЕСТО ВЛАДИМИРОВО

- Реконструкција на улици во Владимирово

Ќе извршиме реконструкција на дел од улицата „Моша Пијаде“, целосна реконструкција на улицата „Браќа Распашкови“, улица „Маршал Тито“ и поставување на лежечки полицајци за зголемување на безбедноста на пешаците.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Берово.

- Приклучување на новата канализациона мрежа

Во еден мандат ВМРО-ДПМНЕ обезбеди канализација за населението во Владимирово, но за жал, селото се уште е приклучено на старата канализациона мрежа. Мора да се стави истата во употреба.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Берово.

## НАСЕЛЕНО МЕСТО РУСИНОВО

- Проширување на патот Ѓердови воденици – влез на село Русиново

Тесниот пат кон Русиново е секојдневна опасност за возачите. Со проширување на оваа делница, ќе овозможиме нормален двонасочен сообраќај, ќе го намалиме ризикот од несреќи и ќе обезбедиме подобра поврзаност на Русиново со општинскиот центар.

**Извор на финансирање:** Министерство за транспорт.

- Село Русиново – Изградба и проширување на пристапен пат и паркинг до црквата „Свети Марко“ во Русиново

Со целосна почит кон традицијата, обезбедуваме трајно и функционално решение за

пристап до црквата „Свети Марко", која е духовен центар за жителите на Русиново. Свесни дека постоечкиот пат е во лоша состојба, а просторот кај црквата е недоволен за потребите на верниците, нашиот план вклучува:

Изградба и проширување на патот: Темелно ќе го прошириме и изградиме постоечкиот пат од местото викано „Кумов Гроб" до црквата. Ќе поставиме цврста тампонска подлога со што патот ќе биде прооден и стабилен во сите временски услови, без кал и длабоки колотрази.

Изградба на паркинг-простор: Ќе го решиме и клучниот проблем со паркирањето. Ќе го прошириме просторот кај самата црква и ќе оформиме уреден, тампониран паркинг, доволно голем за да ги прими возилата на верниците, особено за време на големите црковни собири, слави и празници.

**Извор на финансирање:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и Буџет на Општина Берово.

## ➤ НАСЕЛЕНО МЕСТО РАТЕВО

- Проширување на патот „Трите Реки" – влез на село Ратево и реконструкција на главниот мост

Го решаваме деценискотo „Тесно грло" и најопасната точка на патниот правец кон Ратево. Тесниот пат и стариот, дотраен мост кај месноста „Трите Реки" претставуваат секојдневна опасност за сите жители и го отежнуваат сообраќајот. Нашиот проект предвидува сеопфатно и трајно решение.

**Извор на финансирање:** Министерство за транспорт и Буџет на Општина Берово.

## ➤ НАСЕЛЕНО МЕСТО ДВОРИШТЕ

- Асфалтирање на улица во Баскалска Маала

Се обврзуваме на целосно асфалтирање на улицата во Баскалска Маала, во должина од 500 метри. За жителите на ова маало, тоа значи крај на животот во кал и прашина и обезбедување на цивилизиран и достоинствен пристап до нивните домови. Овој проект е доказ дека за нас секое маало и секој граѓанин се важни.

**Извор на финансирање:** Министерство за транспорт и Буџет на Општина Берово.

- Уредување на центарот (мегдане) на село Двориште

Проектот предвидува целосно партерно уредување на сега неасфалтираниот дел. Ова вклучува поплочување со бекатон плочки, поставување на клупи и канти за отпадоци. Со ова, го претвораме неугледниот простор во пријатно катче за средби, одмор и одржување на локални настани, со што директно го подигаме квалитетот на живот и чувството на заедништво кај сите жители.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Берово.

### НАСЕЛЕНО МЕСТО МАЧЕВО

- Село Мачево – Реконструкција на локални улици и улично осветлување

Жителите ќе уживаат во поудобни улици и ново улично осветлување кое ќе ја зголеми безбедноста, ќе ја олесни вечерната прошетка и ќе поттикне локален туризам, особено во викенд-зоните.

**Извор на финансирање:** Министерство за транспорт и Буџет на Општина Берово.

## ПРОЕКТИ КОИ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА

### Детско игралиште – Програма „Среќно детство“ – Детски паркови во секое населено место

Веруваме дека секое дете, без разлика дали живее во градот или во некое од селата, заслужува безбедно и модерно место за игра. Затоа, ја воведуваме програмата „Среќно детство“, со која се обврзуваме на целосно опремување или изградба на нови детски паркови во секое населено место: Митрашинци, Будинарци, Мачево, Смојмирово, Ратево, Русиново, Владимирово, Двориште, како и на повеќе соодветни локации во градот Берово.

Секој парк ќе биде опремен со нови, модерни и пред сè безбедни реквизити со сертификат за квалитет, направени од дрво, коноп и други природни материјали, вклучувајќи гумирана подлога на местата каде што е потребна, клупи за родителите, канти за отпадоци и фонтани за пиење вода.

**Извор на финансирање:** Министерство за спорт, Министерство за образование и наука и Буџет на Општина Берово.

### Реконструкција на спортските терени

Постоечките фудбалските игралишта етапно ќе ги направиме повеќенаменски, заедно со детско игралиште, повеќенаменско игралиште и фитнес-блок. Покрај тоа на најмалку три локации во Берово и во секое населено место: Митрашинци, Будинарци, Мачево, Смојмирово, Ратево, Владимирово и Двориште ќе бидат поставени фитнес-полигони опремени со нови, модерни и пред сè безбедни реквизити со сертификат за квалитет, направени од дрво, коноп и други природни материјали, вклучувајќи и соодветна подлога, како и додатна урбана опрема клупи, фонтани за вода, канти за отпадоци и останата урбана опрема.

**Извор на финансирање:** Министерство за спорт, Буџет на Општина Берово.



# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

Локалниот економски развој го планираме преку стартирање на ТИРЗ-зоната, во која ќе се донесат инвеститори и преку стратешка поддршка и јакнење на капацитетите на младите. Најпрво ќе се проценат интересите и капацитетите на младите, а потоа ќе се обезбеди поддршка преку менторство во неколку стратешки сектори за развој, каде младите ќе имаат активна улога. Ќе креираме простор за размена на идеи и простор за реализација, со цел да ги задржиме младите во нашата општина. Бизнис -инкубаторот ќе стане Младински хаб, како место за јакнење на капацитетите на младите – преку практична работа да научат да подготвуваат проекти (поддршка на ЛЕР на општината), менторство за развој на старт-ап бизниси (со фокус на услуги за туризам) и поддршка на земјоделскиот/сточарскиот/угостителскиот сектор – практична работа за пристап до финансиски средства за сите.

Локалниот економски развој го планираме преку стартирање на ТИРЗ-зоната, во која ќе се донесат инвеститори и преку стратешка поддршка и јакнење на капацитетите на младите. Најпрво ќе се проценат интересите и капацитетите на младите, а потоа ќе се обезбеди поддршка преку менторство во неколку стратешки сектори за развој, каде младите ќе имаат активна улога. Ќе креираме простор за размена на идеи и простор за реализација, со цел да ги задржиме младите во нашата општина. Бизнис -инкубаторот ќе стане Младински хаб, како место за јакнење на капацитетите на младите – преку практична работа да научат да подготвуваат проекти (поддршка на ЛЕР на општината), менторство за развој на старт-ап бизниси (со фокус на услуги за туризам) и поддршка на земјоделскиот/сточарскиот/угостителскиот сектор – практична работа за пристап до финансиски средства за сите.

### ➤ Ставање во функција на ТИРЗ и привлекување на инвеститор/и

Берово одамна има добиено дозвола за изградба на Технолошка-индустриска развојна зона – ТИРЗ (при крај на мандатот на претходниот градоначалник од ВМРО-ДПМНЕ), но во изминатите 8 години не е најден ниту еден ивеститор за некоја од 7-те парцели наменети за тоа. Општината ќе ја интензивира соработката со Дирекција за ТИРЗ со што ќе се отвори можност да донесе инвестиции, со цел да се спречи иселувањето, односно да се обезбеди вработување на невработените, и намалување на бројот на оние граѓани кои се принудени секојдневно да патуваат во други градови заради работа.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Берово, приватни инвестиции.

### Хакатон – Натпревар на идеи за локален економски развој

Хакатонот ќе се организира во согласност со моделот на Форуми во заедници, обезбедувајќи директна поврзаност со потребите и идеите на граѓаните. На учесниците ќе им се понудат обуки, менторство и техничка поддршка, а најдобрите идеи ќе бидат наградени и поддржани за понатамошна реализација.

Темите ќе опфатат туризам, земјоделство, дигитализација, зелени иновации и услуги за ранливи групи – области каде што креативноста на младите може да донесе нови можности и подобар квалитет на живот.

Во текот на неколку дена младите учесници ќе поминуваат низ процес на тимска работа, обука и натпреварување, за на крај да ги презентираат своите идеи пред жири составено од претставници на општината, бизнис секторот и образовните институции. Најдобрите тимови ќе добијат поддршка – финансиски средства, менторство и простор за работа – за нивните идеи да се претворат во вистински проекти и стартапи.

**Извор на финансирање:** Амбасади, донатори, спонзори, инвеститори и Буџет на Општина Берово.

### Младински HUB и Бизнис инкубатор – Простор за учење, иновации и активизам

Повеќе од една деценија, Бизнис-инкубаторот останува празен, иако некогаш имаше примарна улога да го развие локалниот бизнис-сектор. Општината ќе поттикне негово реконструирање и адаптација како Младински HUB, со цел да стане простор за стартап иницијативи, обуки и иновации.

Преку овој HUB, младите ќе можат да користат просторот за своите старт ап (start-up) -идеи, да учествуваат во подготовка на проекти и да добијат обуки за фондови, дигитални вештини, креативни индустрии и нови технологии. Тим на млади луѓе ќе биде обучен како ментори и водичи за останатите учесници. За почеток, млади волонтери ќе создадат своја програма со поддршка на Општината.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Берово, донатори, приватни инвестиции.

### Канцеларија и тим за подготовка на проекти

Општина Берово ќе формира проектна канцеларија како дел од Секторот за локален економски развој. Целта е да се создаде тим кој ќе го следи и аплицира за проекти од ЕУ-фондови и други донатори. Денеска, општината користи само минимални средства од овие фондови, токму поради недостаток на капацитет и експертиза.

Со вклучување на младите во подготовката и имплементацијата на проектите, ќе се отворат нови работни места, а младите ќе добијат можност да останат во општината и да придонесат за развој на модерна локална заедница во која секој сака да живее.

**Извор на финансирање:** донатори, приватни инвестиции.

### Развој и поддршка на земјоделскиот/сточарскиот сектор

За да можат продуктите од Малешевијата да добијат поголема препознатливост, ќе дадеме поддршка за развој на брендот „Малеш“. Младинскиот HUB ќе работи на негова поддршка, пред се преку зголемен пристап до финансиските инструменти од ИПАРД-програмата. Воедно, ќе стимулираме создавање на критична маса за развој на задругите, здружување на ресурсите (опрема, хали), со цел да се извадат квалитетни продукти по класи и да може брендот „Малеш“ да се продава по подобри цени. Веруваме дека заедно со младите, ќе можеме да ги надминиеме и развиеме систем на поддршка за развој на современо земјоделство во сите гранки (овоштарство, производство на мед, преработка на шумски плодови и сл.)

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Берово, приватен сектор.

### Жените носат промени – Интерсекциски родов пристап при планирање и реализација на мерките

Општината ќе поттикне учество на жените во креирање и имплементација на локални политики, особено за жени со претприемачки вештини. Ќе се обезбедат обуки, менторство и пристап до програми за претприемништво, едукативни кампањи за родова еднаквост и инфраструктурни подобрувања за безбеден јавен простор. Во оваа насока ќе се подобри системот за информирање на граѓаните/ките преку месните заедници, локалните медиуми и социјалните медиуми. Како пилот-мерка ќе бидат обезбедени Субвенции за развој на бизнис планови на жени претприемачки.

**Извор на финансирање:** Граѓански организации, донатори, приватни инвестиции.



# ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

## Практикантство и Саем на кариера за средношколци

Општина Берово ќе поттикне програмата за практикантство за средношколците од локалната гимназија, преку партнерства со локални компании, институции и граѓански организации. Целта е младите да стекнат практично искуство во различни сектори, особено во Локален економски развој, подготовка на проекти и бизнис активности.

Како дел од програмата, ќе се организира саем на кариера, на кој ќе учествуваат локални фирми, институции и факултети, со цел да им се презентираат можности за образование, обука и идни кариери.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Берово, донатори, приватен сектор.

## Стипендии за идни лидери

Општината ќе ја ревидира досегашната пракса на доделување стипендии, со цел средства да се насочат кон поддршка на идни лидери и развој на компетенции кои ќе овозможат активно учество во локалната заедница.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Берово, донатори.

## Младински совет – Партиципативна демократија во пракса

Советот ќе претставува советодавно и иницијативно тело составено од млади лица, со цел активно вклучување на младите во креирањето на локални политики. Минимум еднаш квартално ќе имаат можност за директен контакт со градоначалникот. За поддршка на активностите ќе се воспостави Годишен буџет за младински иницијативи.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Берово, донатори.

# ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

## Берово е „СМАРТ-Општина“

- **Јавни електрични велосипеди и тротинети – „Зелено движење за модерно Берово“**

Ќе воведеме сервис за изнајмување на јавни електрични велосипеди и тротинети преку апликација. Ќе поставиме пунктови на клучни локации: влез во Берово, Беровско Езеро, Абланица, Јуовец и Св. Архангел.

Корисниците ќе добиваат кредити и бенефити преку „Берово-визит“ апликацијата. Апликацијата ќе овозможува и резервација, плаќање и следење на возилата во реално време.

**Извор на финансирање:** Меѓународни донатори

- **СМАРТ-клупи и канделабри**

Целокупната урбана опрема што се набавува ќе вклучува соларни полначи за мобилни телефони. Полначите ќе овозможат граѓаните и туристите бесплатно да ги полнат своите уреди на јавни места, со цел зголемување на комфорот, модернизација на урбаната инфраструктура и промоција на енергетски ефикасни решенија.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Берово, донатори.

## Дигитални услуги и дигитална општина

- **Воведување на бесплатен безжичен интернет на најпосетувани локации**

Ќе се воспостави бесплатен безжичен интернет (WiFi) на најпосетуваните локации во градот, вклучувајќи ја чаршијата, кејот, кај старата гимназија и други фреквентни точки. Со оваа инвестиција, граѓаните и туристите ќе имаат лесен пристап до интернет за навигација, информации за локалните атракции, културни настани и услуги, како и за споделување на искуства на социјалните мрежи.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Берово, меѓународни донатори.

- **Електронски услуги за граѓаните**

Во соработка со Владата и меѓународни партнери, ќе ги дигитализираме најкористените услуги за граѓаните на општинско ниво. Приоритетни услуги за дигитализација

се: уверение за даноци, потврда за правен статус на објект (легализација), одобрение за адаптација / доградба / надградба, аплицирање за социјални услуги / субвенции, согласност за приклучоци (вода, струја, канализација), извод од Детален урбанистички план (ДУП), согласност за користење на јавни и зелени површини и еднократна помош за новороденче/дете.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Берово, Министерство за дигитална трансформација.

### Систем за електронско прибирање даноци

Во насока на поголема ефикасност, транспарентност и приближување до секој граѓанин, ќе развиеме систем за автоматизирано генерирање на решенија за данок на имот, кои електронски ќе можат да се плаќаат преку Националниот портал за услуги и веб-страниците на Општината. Овој систем ќе обезбеди праведно оданочување, намалување на сивата економија и зголемени приходи за самостојно финансирање на проекти.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Берово, Министерство за дигитална трансформација.

### Е-Седници на Совет

Ќе воведеме Електронски седници на Советот, со целосна дигитализација на подготовката, закажувањето и водењето на седниците. Секој советник ќе има електронски пристап до материјалите, дневниот ред, записниците и можност за учество, гласање и дискусија, без хартија, со можност за онлајн вклучување и целосна електронска евиденција. Секоја одржана седница ќе биде транспарентна, достапна за јавноста и документирана. Паралелно со тоа, ќе воспоставиме Електронски службен гласник на Општината, како официјално дигитално место за објавување на сите донесени одлуки, акти, правилници и јавни информации.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Берово.



# РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

- **Берово – Изградба на градски базен и други содржини**

Ова е капитален, визионерски проект со кој Берово ќе се вброи во редот на модерни европски градови. Полуотворен базен нуди можност за рекреација, пливачки школи за најмладите и здравствени придобивки за сите граѓани во текот на целата година. Воедно, ќе се направи проект за целосно уредување на просторот каде се планира истиот (кај Стадионот, првично ќе се проба да се буши за вода со цел да се намалат трошоците за одржување) и вклучување и поврзување со топол премин и со спортски фитнес-центар. Во планирање на идна фаза поврзување на претходните два елементи со софистициран СПА-центар, односно модерни содржини што ќе придонесе кон развојот на здравствениот, спортскиот и велнес туризам и тоа во текот на целата година. При подготовката на планот особено ќе се обрне внимание за енергетска ефикасност: изолација, фасади, столарија и осветлување, како и за инсталација на фотоволтаици на крововите. Целта е овој комплекс да биде самоодржлив, односно да се користи со децении за сите возрасти, вклучително и спортски туризам.

**Извор на финансирање:** Министерство за спорт, Буџет на Општина Берово.

- **Берово - Реконструкција на спортски терени - Стара гимназија**

Овој простор е култно место за рекреација на многу генерации. Со целосна реконструкција, поставување на нова подлога, кошеви и голови, и соодветно осветлување, го враќаме сјајот на ова игралиште. Дополнително, ќе се направи и скејт парк по современи стандарди каде ќе можат да се одржуваат и натпревари во овој спорт. Целта е да создадеме безбеден и атрактивен мултифункционален терен, достапен за сите граѓани, каде младите ќе спортуваат. Планираме осветлувањето во најголема мера да го сведеме на обновлив извор - фотоволтаици.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина Берово.



# ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

## Студија за носечка способност и апсорпција на Берово

Ќе направиме стратешка студија која ќе ни покаже до кој степен Берово може безбедно да се развива, без да се наруши природата, водата, воздухот и квалитетот на животот. Со оваа студија ќе знаеме како да избегнеме хаотична урбанизација, пренатрупаност и деградација на животната средина, и ќе обезбедиме одржлив развој кој ќе го задржи Берово чисто и здраво место за живеење и посета.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Берово, ЕУ-фондови.

## Локален план за одржливо управување со шумите

Ќе направиме локален план за шумите кој ќе овозможи заштита од пожари и спречување на илегална сеча. Ќе воведеме надзор со дронови, аларм-систем и дигитална апликација за пријавување проблеми. Ќе организираме обуки за екошумарство за локалните жители и младите. Ќе реализираме пошумување есен и пролет со автохтони дрвја и мешовити шуми, кои ќе ја заштитат почвата и биодиверзитетот и ќе обезбедат здрави и убави шуми за идните генерации.

**Извор на финансирање:** Амбасади, донатори, Буџет на Општина Берово

## План за зелени бариери против ерозија и поплави

Ќе искористиме природни методи за контрола на ерозија покрај реки и падини, со садење врба, шипка и трева. Овие зелени бариери ќе го штитат земјиштето и ќе го намалат ризикот од поплави и други штетни временски влијанија, а истовремено ќе ја одржуваат убавината на природата.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Берово.

## Изградба на компостари во населените места

Ќе изградиме локални компостари за собирање и преработка на земјоделски и сточарски отпад. Со тоа, отпадот наместо да се согорува или фрла, ќе се претвора во природно органско ѓубриво.

На овој начин ќе се намалат трошоците за вештачки ѓубрива, ќе се подобри квалитетот на почвата и ќе се зачува животната средина. На крај, добиеното ѓубриво ќе го користат самите земјоделци и сточари за сопствено производство.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Берово.

# ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ – ПРИСТАПЕН ЗА СИТЕ ГЕНЕРАЦИИ

- **Формирање на Локална туристичка организација, ДМО – Организација за менаџирање на дестинацијата – „Визит Берово“**

ДМО – Организација за менаџирање на дестинацијата, која ќе биде „мозокот“ и двигателот на туризмот во регионот. Целта е сите туристички ресурси – сместувачки капацитети, туристички атракции, понуди и услуги, културни знаменитости, природни убавини, локални занаети, гастрономска понуда – да се интегрираат во една целина, која ќе биде лесно достапна за посетителите.

Со оваа организација, Берово ќе добие стратегиско планирање на туризмот, а секој што ќе сака да дојде ќе може да види што сè може да се прави, каде да се смести и каде да ужива. Ќе се работи на унапредување на туристичките стандарди, за секоја услуга – од сместување до авантуристички активности – гостите да имаат квалитетно и безбедно искуство.

Една од најважните придобивки е дигиталната платформа и мобилната апликација VisitBerovo.mk, преку која сите активности, сместување, локални производи и настани ќе бидат прикажани на едно место.

Преку ДМО Визит Берово, Берово ќе стане познато како најпрепознатлива екотуризам, модерна „смарт„ туристичка дестинација, која ги чува своите природни убавини и културното наследство, а истовремено нуди квалитетни услуги и незаборавни искуства.

**Извор на финансирање:** Меѓународни фондови, приватни инвестиции и Буџет на Општина Берово.

- **Поддршка и развој на даватели на услуги во туристички сектор**

Покрај веќе постоечката соработка со локалниот туристички сектор, во координација со локалната туристичка организација ќе се мапираат сите заинтересирани даватели на услуги (како што се сопственици на колиби, производители на храна и сл), кои би сакале да понудат услуга, односно туристите да дојдат/учествуваат во процесите на производство.

Општината ќе поттикне развој на пилот проект со 2 бачила за локалните земјоделци и агротуристички оператори. Бачилата ќе се користат за демонстрации на традиционална обработка на млечни производи, како и за практично искуство за туристите.

**Извор на финансирање:** Меѓународни фондови, приватни инвестиции и Буџет на Општина Берово.

### ➤ Планински патеки – мрежа за здравје, туризам и авантура

Уредуваме, активираме и одржуваме **приоритетна мрежа на планински патеки** за пешачење, планинарење, велосипедизам и спорт – основа за развој на туризмот, но и за секојдневно здравје и рекреација. При планирањето ќе се води сметка за лица со попреченост, односно дали истите можат и во кој обем да ги користат патеките. Проектот опфаќа изградба и поставување на:

- урбана опрема, видиковци, летниковци, навигациска и безбедносна сигнализација,
- соларно осветлување на неколку атрактивни патеки за ноќни прошетки,
- вклучување во туристички апликации за навигација,
- одржување и контрола преку системот Berovo Visit,

Фокус:

1. **Кружна патека 1. Берово север.** Берово - „комуналното", до ридот кој е по филтер-станицата, спуст во Берово, лесна патека долга околу 5 км, погодна за пешачење и возење велосипед
2. **Кружна патека 2. Берово југ.** Берово – „комуналното", по течението на р.Брегалница до Абланица, Јуовец, Берово, лесна патека долга 9 км, погодна за пешачење и возење велосипед
3. **Кружна патека 3.** Берово-Езеро. Берово – Езеро- Берово. Прв крак Берово-„комуналното" кон Езеро, јужно од асвалниот пат, преку „Курилово" кон езерото, втор крак од Езеро кон Берово, северно од асвалтниот пат, преку Абланица. Кружна средно лесна патека, долга околу 16 км (вклучувајќи 2 км круг околу езерото), погодна за пешачење и возење велосипед.
4. **Кружна патека 4.** околу Беровското Езеро. Пешачка патека околу целото езеро, средно лесна, долга околу 4 км, погодна за пешачење.
5. **Берово- Клепало.** Офроад-патека Берово-Клепало, средно тешка, долга околу 25 км погодна за возење велосипеди.
6. **Берово – „Мал и Голем круг", водат и до Пехчевски Водопади.** Патеката „Мал круг" се поклопува во трасата со патеката „Голем круг", со тоа што втората има екстензија од +20 км. Патеките почнуваат од Абланица, преку Паркач, Водопади, до Равна Река, кон Ченгино Кале – само за „Голем круг", „Бачило", Бреза и спуст кон Берово. „Мал круг" патека – средно-тешка 35 км и „Голем круг" патека - тешка 50 км, погодни за велосипеди, крос-мотори, четворцикли, а Голем круг и за џипови.

**Извор на финансирање:** Министерство за туризам, Центар за развој на ИПР, Буџет на Општина Берово, Министерство за животна средина, ИПА -прекугранична програма.

### Јавни тоалети – „Чиста и уредена Општина за сите“

Јавните тоалети се потреба, како за граѓаните, така и за туристите. Ќе се направат неколку јавни тоалети на клучни локации: Центарот на градот, Беровското езеро и Јуовец, и на неколку други локации, на предлог на граѓаните.

Овие современо уредени тоалети ќе бидат достапни за сите, одржувани со висок хигиенски стандард и опремени со модерна санитарна опрема. Со тоа обезбедуваме поудобен престој за посетителите, подобрување на туристичката понуда и унапредување на урбаната инфраструктура.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Берово, Министерство за животна средина и просторно планирање, ИПА-фондови за туризам и локален развој.

### Унифицирано информативно обележување на целата Општина

Во однос на целата туристичка и комплементарна инфрастуктура, ќе извршиме обележување со именување, насоки, мапи, информативни табли.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Берово, донатори, приватен сектор.



# ПОДДРШКА НА КУЛТУРАТА ВО ОПШТИНАТА

- **Реконструкција на мултифункционална сала**

Средствата за реконструкција се одобрени од Владата на ВМРО-ДПМНЕ. Планирана е реконструкција и модернизација на постоечката кино сала за да стане современ мултифункционален мултимедијален простор за филмски проекции, театарски претстави и културни настани. Салата ќе биде опремена со нови седишта, современ аудио и видео систем, LED-осветлување, современ систем за затоплување и ладење и простор за интерактивни содржини кои ќе ги презентираат локалните културни и историски приказни. Со оваа инвестиција, кино салата ќе стане центар за култура и забава, како за граѓаните така и за туристите.

**Извор на финансирање:** Министерство за култура и туризам, Буџет на Општина Берово.



# ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

## Вонинституционална грижа и поддршка во заедницата

Во услови на брзи демографски промени и се поголем број на повозрасни лица во Општина Берово, потребно е да се воведат нови мерки за квалитетна грижа и поддршка во заедницата. Нашата цел е да обезбедиме достоинствено и независно живеење за постарите граѓани преку развој на вонинституционални услуги, кои ќе бидат достапни за сите, а особено за жителите во руралните средини.

Нашите мерки ќе вклучуваат:

1. Помош и нега во домот. Обезбедување мобилни тимови со обучен персонал (негуватели, социјални работници и медицински сестри) кои ќе даваат редовна помош и нега во домовите на старите лица. Поддршка при секојдневни активности (набавка на намирници, подготвување оброци, одржување хигиена и придружба до лекар).
2. Дневни центри за постари лица. Отворање Дневни центри во Берово и поголемите села, каде постарите лица ќе можат да добијат здравствена и социјална поддршка, како и простор за дружење и активности.
3. Телефонска и дигитална поддршка. Воведување 24-часовна телефонска линија за итна помош и советување. Развој на едноставна мобилна апликација за повозрасните лица и нивните семејства за контакт со служби и пријавување потреби.
4. Поддршка за негуватели и семејства. Финансиска и психосоцијална поддршка за членовите на семејствата кои се грижат за свои стари и изнемоштени блиски. Организација на кратки обуки за нега во домашни услови.
5. Посебен акцент на руралните средини. Мобилни екипи кои ќе ги посетуваат најоддалечените населени места. Социјални програми за оние кои живеат сами и немаат блиски роднини.
6. Соработка со невладини организации и донатори. Вклучување на НВО-секторот во обезбедување услуги и активности за подобар живот на старите лица. Повлекување средства од меѓународни фондови за подобрување на социјалната инфраструктура. Со овие мерки ќе изградиме систем на човечка, достапна и солидарна грижа за нашите постари сограѓани, со што ќе обезбедиме достоинствен живот во нивната заедница, блиску до нивниот дом и семејство.

**Извор на финансирање:** Министерство за социјална политика демографија и млади, донатори.

### Поддршка на Јавната установа за згрижување на стари лица др Иван Влашки во Берово

Домот се покажа добра и самоодржлива јавна установа. Установата понатаму може да преземе и координација на вонинституционални услуги, но примарно е подигање на капацитетите и стандардите за станарите во Институцијата, грижа на лицата во трето доба.

**Извор на финансирање:** Министерство за социјална политика демографија и млади донатори.

### Грижа за најмладите – нашата иднина

Децата во Берово и населените места заслужуваат безбедни и современи простори за раст и развој. Затоа ќе вложиме во унапредување на условите во градинката „23 Август" и сите нејзини клонови – со модерни простории за престој и игра, безбедна и хигиенска средина и реконструирана кујна со современа опрема за здрава исхрана.

Паралелно, ќе реализираме проекти за термоизолација, нови фасади и прозорци, ефикасни системи за греење и ладење и соларни панели. Со тоа ќе обезбедиме топли и светли простории за децата, а заштедените средства ќе ги насочиме кон воспитно-образовни активности и подобра грижа.

Овие мерки значат повеќе сигурност за најмладите, квалитетна исхрана, мотивиран кадар, здрава средина и заедничка одговорност за иднината на нашата општина.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Берово и сопствени приходи на Установата, Министерство за социјална политика демографија и млади, донации и проекти од граѓански организации и фондации.

### Намалување на енергетската сиромаштија

Еден од најголемите проблеми на повозрасните е средување, носење на дрва по неколку пати во денот од местото за складирање до домот. Затоа, ќе почнеме програма на локално ниво, координирано со Владата, за намалување на енергетската сиромаштија, како кај најранливите граѓани (преку постоечката програма за набавка на инвертори на Министерство за економија/енергетика), така и за субвенции за инвертори за да се намали притисокот за повозрасните.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Берово.

### Поддршка за граѓанскиот сектор и добро владеење

Во соработка со меѓународните донатори и граѓанските организации, ќе обезбедиме обуки и финансиски средства за реализација на проекти кои ќе го зајакнат НВО-секторот. На тој начин ќе го поттикнеме граѓанското учество во креирањето идеи и политики на локално ниво, за подобро владеење, транспарентно управување и решавање на проблемите што се од интерес за локалната заедница.

Со оваа иницијатива, ќе изградиме посилен и поактивен граѓански сектор, кој ќе биде двигател на локалниот развој и партнер во креирањето на подобра иднина за сите граѓани.

**Извор на финансирање:** УНДП и Буџет на Општина Берово.

ВМРО-ДПМНЕ